**ЗАПИСНИК**
**од 41-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 25.12.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Петреска Камењарова, Горан Радуновиќ, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Билјана П. Парлеева, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Елена Наковска од ЦРМ

Г-дин Петрушевски ја отвори 41-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 13:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Фиданоски, во однос на Предлог-Дневниот ред, предложи точка под разно, за да како што рече, сподели нешто јавно со останатите членови на Советот и директорот на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, со предлогот за точка под разно, едногласно, со седум гласа „за“, го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-Записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.12.2015 година.
2. Предлог-Годишен план за вршење програмски надзор за 2016 година.
3. Предлог-Годишен план за вршење административен надзор за 2016 година.
4. Предлог-Програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (со Предлог-Програма на планирани активности и Предлог-Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги).
5. Предлог-Годишен план за јавни набавки во 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно, со седум гласа „за", го усвои предложениот Записник од 40-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.12.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова, го образложи Предлог-Годишниот план за вршење програмски надзор за 2016 година. Објасни дека согласно член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на својата веб страница јавно го објави Нацрт-годишниот план за вршење програмски надзор за 2016 година, при што им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на истиот. Рокот на траење на јавната расправа изнесуваше 30 (триесет) дена од денот на објавувањето и траеше до 17.12.2015 година. Заклучно со 21.12.2015 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше доставена ниту една забелешка.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-7101/1 од 22.12.2015 година и едногласно донесе Годишен план за вршење програмски надзор за 2016 година, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Годишниот план за вршење програмски надзор за 2016 година да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, го образложи Предлог-Годишниот план за вршење административен надзор за 2016 година. Објасни дека согласно член 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата на својата веб страницата јавно го објави Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор за 2016 година, при што им овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на истиот. Рокот на траење на јавната расправа изнесуваше 30 (триесет) дена од денот на објавувањето и траеше до 17.12.2015 година. Заклучно со 21.12.2015 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше доставена ниту една забелешка.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-7102/1 од 22.12.2015 година и едногласно донесе Годишен план за вршење административен надзор за 2016 година, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Годишниот план за вршење административен надзор за 2016 година, да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (со Предлог-Програма на планирани активности и Предлог-Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги). Во однос на нејзината содржина, објасни дека во текот на јавната расправа, официјални предлози пристигнаа од Македонски Телеком и од членот на Советот, Зоран Фиданоски. Дел од тие предлози се прифатени и се составен дел на текстот на Предлог-Програмата, додека дел не се и за истите има образложение зошто не се прифатени. Во однос на Финансискиот план за 2016 година, во делот за ангажирање на експерти за изработка на анализа на Законот, објасни дека се предвидени 300.000,00 денари, но таа ставка е предвидена и кај времените вработувања. Од тие причини, од тие 300.000,00 денари, 150.000,00 денари ќе бидат префрлени за јавна набавка на летна облека и 150.000,00 денари за одржување на деловниот објект на Агенцијата. Информира дека само таа измена ќе биде во Предлог-Финансискиот план за 2016 година, односно таа ставка ќе биде ставена на 0, а тие 300,000 денари ќе бидат прераспределени на наведените две ставки.

Помошник на раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Горан Радуновиќ, даде детално објаснување на Финансискиот план на Агенцијата за 2016 година за висината на планираните приходи и расходи. Притоа ја објасни и измената во ставката за ангажирање на експерти за изработка на анализа на Законот, дека предвидените 300.000,00 денари ќе се прераспределат во други две ставки, кои впрочем ги објасни и директорот.

Г-дин Фиданоски, објасни дека ги добил материјалите по точката и ги забележал одговорите од Стручната служба во врска со неговиот предлог, односно на неговите амандмански предлози за подобрување на конечниот текст на Програмата. Добро е рече што се прифатени дел од сугестиите кои се преточени како писмен предлог од негова страна и смета дека имаат придонес во насока на текстот. Рече дека во целина требаше да биде прифатен целиот документ и затоа ги дал предлозите, мислејќи дека навистина ќе има подобрување на програмската работа доколку се беше прифатено. Неговиот предлог има номинално 3 амандмани, а во одговорите од Стручната служба се поделени како 5. Еден момент му останал контрадикторен. Делот што се однесува кај точката 1.1.1 односно "Точка 1.3. „Заштита на плурализмот и разновидноста на аудиовизуелните медиумски услуги" се менува во насловот и гласи: „Заштита и збогатување на плурализмот и разновидноста на аудиовизуелните медиумски услуги". Освен насловот што е прифатен да се измени и стимулирање на развојот на специјализирани програмски сервиси кои што исто е прифатено како предлог амандман, стои дека е прифатен, во одговорот од Стручната служба, и предлог амандманот „Зголемување на редакциската култура кај медиумите, јакнење на свеста за важноста на независната уредувачка политика, за професионалните новинарски стандарди и за почитувањето на човековите права во медиумските производи, преку саморегулаторни механизми". Меѓутоа, доколку се отвори програмата во финална верзија која треба да ги содржи и овие измени и ако се оди на делот каде што интервенирал, во содржината тој амандман го нема и понатаму си останува она што било во нацрт верзијата. Го нема делот зголемување на редакциската култура, иако стои дека е прифатен како амандман. Побара одговор.

Раководителката на одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова, објасни дека имало дилема каде предлогот да се стави, но дошле до заклучок дека фактички предлогот е застапен во целата програма и дека насекаде низ програмата се предвидени такви активности, кои се однесуваат на обуки и

тренинзи, и други форми на редакциската култура и степенот на почитување на професионалноста.

Г-дин Фиданоски, сметаше дека е поцелисходно и ќе се потенцира значењето ако стои како посебна точка во точката 1.3 од Програмата. Тука станува збор за повеќе аспекти, а не само обуки кои што ги прави Агенцијата во соработка и со други институции. Тој рече дека повеќе мисли на редакциската култура кај медиумите, јакнење на свеста за важноста на независната уредувачка политика и професионалните новинарски стандарди. Ако овие работи се потенцираат, особено во текот на наредната година, ако се успее да спроведат, според него Агенцијата би завршила голема работа. Од тие причини смета дека треба да стои како посебна точка, а остава на Советот на Агенцијата дали ќе го прифати тоа или нема да го прифати. Понатаму во својата дискусија рече дека амандманот што е одбиен, е поттикнување на политичкиот плурализам кај радиодифузерите и по квантитет и по квалитет. Го прочитал образложението, има целосно разбирање по него, ја простудирал солидно и нацрт Методологијата за која што од пред некој ден Агенцијата организирала јавен состанок. Смета дека на хартија овој документ е составен одлично, но во пракса секогаш недостига имплементацијата. Се надева дека ќе биде како што треба. Меѓутоа, пред сè она што сака да го потенцира е дека кога зборува за политичкиот плурализам, не зборува само за време на изборен период. Република Македонија, според него, во медиумската сфера, односно новинарството, ќе биде подиректен, е во една многу тешка ситуација, каде на сцена е занемарување на основните базични принципи на новинарската професија кога се однесува за известување односно во делот на информативната програма. Никој не го спори правото на секој медиум да има сопствена уредувачка политика и да си ги каже своите ставови во врска со одредени прашања. Тоа е нормално и очекувано и тоа го има секаде. Но, секаде во светот, светот во кој што претендираме ние да бидеме, демократскиот, се почитуваат стандардите, се почитуваат новинарските стандарди во известувањето, притоа наведувајќи примери на американски медиуми. Смета дека ако тоа се има како принцип, односно во програмата, тоа и да се поттикнува во текот на целата година, Агенцијата многу поуспешно ќе ја спроведе и оваа методологија. Ако се успее постојано да им се укажува на медиумите дека мора да сфатат, кај јавниот сервис тоа е веќе законска обврска, дека треба да имаат сеопфатно и балансирано известување, да ги почитуваат основните новинарски професионални стандарди, ќе имаме содржински поквалитетна информативна програма, во кој секој нема да биде неоправдано стигматизиран и ќе биде пренесено во поентата онака како што рекол без да има говор на омраза итн. Од тие причини смета дека треба да биде прифатен и овој амандман. Рече дека не знае каква ќе биде намерата на претседателот на Советот во текот на гласањето, но тој би сакал да се гласа и по овој амандман бидејќи сака да остане во програмата. Се осврна и на амандман 2 „Точка 5 – „Усогласување на домашната регулатива“, каде во образложението е наведено дека делумно се прифаќа. Бидејќи во тек е изработка на „Анализа на имплементацијата на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“, според него тоа е добро и така треба да биде, но неговата поента била во делот во согласност со препораките на Европската комисија како и целите на ЕУ што се однесуваат на работата на медиумите, од која треба да произлезат конкретни предлози за законски измени и која ќе биде објавена на веб страницата на Агенцијата. Смета дека на ова треба да се апострофира, во таа анализа да се потенцираат овие моменти, затоа што и во извештаите на ЕК за Република Македонија и во извештаи на други релевантни меѓународни организации, кои што се однесуваат за медиумскиот момент на сите земји, вклучувајќи ја и Република Македонија, стои дека имаме ситуации каде има мешање од Владата во слободата на медиумите. Објасни дека има потреба од зајакнување на политичка и финансиска

независниот и на јавниот сервис и другите медиуми, да се зајакне саморегулацијата и потреба од спречување на неформалниот економски притисок врз медиумите, преку зголемување на транспарентност на медиумска сопственост итн. Г-дин Фиданоски, рече, доколку тие моменти бидат ставени како насоки во анализата, смета дека на прав начин ќе се види состојбата каде има потреба да Агенцијата, не може да предложи, но да сугерира измени кои ќе одат во насока на подобрување на законските измени. На крајот од оваа дискусија, се осврна околу изборното медиумско претставување. Непосредно неколку дена по неговиот доставен предлог за програмата до Советот, стигна и ставот од Агенцијата дека не постои можност во овој момент да се прави мониторинг на интернет порталите. Тој се согласува затоа што нема ниту едно компаративно искуство во другите земји за мониторинг на интернет портали од страна на регулаторно тело кое што пред сè треба да ја регулира работата на радиодифузерите. Во образложението стои дека не се законски регулирани, тој пред сè мисли дека се нема искуство за регулација на интернет портали односно мониторинг, интернетот е слободен простор, треба така и да остане, а сите непочитувања на некои законски одредби, ширење на говор на омраза, повикување на насилство, рушење на уставниот поредок, се регулираат и се санкционираат според Кривичен законик и тие луѓе ако тоа го промовираат ќе си одговараат според тој Закон и од тие причини генерално го прифаќа ставот на Агенцијата за немониторирање на порталите, но со различно образложение од нив.

Г-дин Петрушевски, рече, како што ја следел целата дискусија, имало три конкретни предлози дадени од г-дин Фиданоски, на кое што во однос на третиот предлог го прифатил образложението од Агенцијата. Во таа насока бидејќи членот на Советот Зоран Фиданоски ги објаснил повторно своите предлог амандмани, предложи Советот на Агенцијата да се изјасни поединечно за секој од нив, пред да ја стави на гласање Предлог-Програмата за работа на Агенцијата за 2016 година.

Раководителката на одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова, рече дека мора да се има во предвид дека Агенцијата мора да го димензионира своето работење во однос на кадарот со кој што располага и во однос на тоа што всушност ќе работи во текот на годината. И во самиот Годишен план за програмски надзор е предвидено дека првиот дел од годината ќе биде зафатен со мониторинг на изборното медиумско претставување. Факт е сето тоа што е напишано во образложението и рече дека навистина со вакви големи зафати не се зафаќаат ни голем број други регулаторни тела. Самиот факт што во Прирачникот за оценување на медиумскиот плурализам во делот на показателите за политичкиот плурализам големо внимание е посветено на изборите, говори за тоа колку се тие важни за утврдување на политичкиот плурализам, а и на утврдување на степенот на нивото на политичкиот плурализам. Факт е дека Агенцијата ќе покрие преку 100 радиодифузери, а тоа е наведено во критериумите на методологијата. Точно е дека ќе има дополнителен кадар кој што Стручната служба ќе го обучи и ќе работи во софтверот на Агенцијата. Ова е стандардна методологија на Агенцијата која е применувана многу изборни процеси наназад и потенцира дека секогаш во извештаите на ОБСЕ И ОДИХР кога било оценувано како Агенцијата го работела својот мониторинг, никогаш немало забелешки, од аспект ниту на методологијата, ниту пак на нејзиното спроведување, ниту за констатираните прекршувања. И од тој аспект, верува дека и за наредниот изборен циклус ќе биде исто така. Понатаму објасни дека минатиот пат кога се правела анализа на политичкиот плурализам, споредбено се земаа изборите 2011 со 2014 година, за да се покаже придвижување во политичкиот плурализам во однос на изборната регулатива. Факт е дека политичкиот плурализам се однесува на 365 дена во годината и за сите

можни радиодифузери и на вестите и пошироко во актуелно информативните програми. Објасни дека Агенцијата, претходно Советот за радиодифузија, има работено анализи и надвор од време на избори, студии на случаи, а за сето тоа треба многу време, кадар и тие се многу сложени процеси. Појасни дека Секторот за програмски работи следната година ќе има зголемен обем на работа, покрај мониторингот на изборниот процес, ќе прави и анализа и на понудата која ја имаат радиодифузерите на програмите за лица со сетилна попреченост, така тоа што е ставено во програмата, со кадарот со кој располага, реално е максимумот што може да го даде Секторот за програмски работи.

Г-дин Фетаи, во врска со темата за која се дискутира во детали, рече дека сака да се надоврзе на дискусиите и образлагањата кои беа дадени. По амандманот 1.1.4. Поттикнување на политичкиот плурализам кај радиодифузерите и по обем и по содржина, иако тоа е веќе внесено во активностите и анализа на политичкиот плурализам, во поголеми размери, мисли дека предлогот е многу концизен и прецизен, така што со една реченица покрива сето она што Агенцијата го имала како идеја да го реализира. Една од големите дискусии што ги имала Агенција, повеќе била во поглед на квалитетот на содржината на анализата. Може да биде квантитет, две политички партии, две опции да ги има по 5 минути, едната да биде негативна, друга позитивна и пак резултатот да не ја дава вистинската идеја. Смета дека иако амандманот не се прифаќа, не дека не чини, туку тој амандман е распространет низ целиот текст. Но вака прецизно срочен, покажува на тоа дека вистина се дава значајност на она што се нарекува една од основните забелешки во поглед на целокупниот медиумски спектар во Република Македонија. Живееме во едно многу исполитизирано општество, да медиумите се исполитизирани до бескрај. Мисли дека предложената формулација, според него е прифатлива и не знае зошто не се прифаќа, бидејќи не е во колизија, не е во спротивност на сите тие работи што ги има. Во поглед на амандманот 1.1.3. „Подигнување на редакциската култура кај медиумите", рече дека тоа е една од основните работи и не може Агенцијата да ги контролира како регулатор. Да ја подигне таа култура, да го афирмира тој општо познат стандард, во поглед на професионализам, одговорност на медиумите, смета дек не би било лошо и би било посоодветно допрецизирање, додавање на уште еден нагласок на тоа што веќе постои во целокупната методологија. Прифатливи му се и двата амандмани што се предложени, со оглед дека и Стручната служба ги прифаќа како такви, само што е раштркан низ целиот текст. Според него би било посоодветно да бидат прецизирани така како што се предложени.

Г-дин Фиданоски, рече дека ќе се надоврзе на објаснувањето од м-р Емилија Петреска Камењарова. Апсолутно се согласува, вака како што е напишана Методологијата за мониторинг, се сомнева дека некој би нашол замерка, таа е како што треба. Но, рече дека секогаш праксата е проблематична во Република Македонија и се надева дека овој пат нема да биде проблем и сака да верува во тоа. И неговата поента на оваа точка што ја предлага како амандман за политичкиот плурализам е дека вакво мониторирање може да се направи во текот на годината, не толку интензивно, но може хипотетички на ад хок случајно избрани денови, за да се види како функционира тој политички плурализам кај радиодифузерите и да може да се види дали отстапиле во однос на изборниот период или не отстапиле, ги задржале тие принципи и стандарди и во постизборниот период. Од тие причини смета дека треба да стои како дел од програмата. Му благодари на колегата Фетаи што јавно искажал поддршка за тоа.

Г-дин Трајчевски, рече дека обврската за плурализам во известувањето и преземањето на законски санкции за неизбалансирано известување е законска обврска само во изборниот период. Надвор од изборниот период е оставено на саморегулација,

така да Агенцијата што и да констатира, надвор од тоа не може да преземат никакви мерки. Објасни дека за да се спроведе мониторирањето за време на изборите, се бара ангажман на преку 120 луѓе кои што ќе го работат тоа и тоа би чинело околу 9 милиони денари. Во однос на образложението од м-р Емилија Петреска Камењарова, рече дека Медотологијата е идентична или многу малку промената во однос на Методологијата што е применувана во изминатите изборни циклуси, но сега е усогласена и со промената на последните измени на Изборниот законик. Доколку се погледнат извештаите за последните избори во Република Македонија кои се на веб страницата на Агенцијата, ќе се види дека секогаш извештаите за извршениот мониторинг за изборите биле направени фантастично добро и никогаш немало забелешка на тоа како Агенцијата, односно претходно Советот за радиодифузија вршел мониторинг и како ги правел извештаите за спроведениот мониторинг за време на изборниот период. Рече дека не ја разбира дилема дека следната година нема да биде направена така како што треба. А дали медиумите го почитувале Изборниот законик е друга работа, а затоа што не го почитувале Агенцијата соодветно изрекувала санкции спрема сите медиуми. Објасни дека Агенцијата не може да влијае на тоа дали медиумите ќе сакаат да го почитуваат во целост Законот и да се однесуваат согласно Медотологијата и не значи дека ако имаме перфектна методологија, медиумите за време на изборниот период ќе се однесуваат онака како што бара Законот и Изборниот законик и дека ќе ги почитуваат професионалните новинарски стандарди.

Г-дин Фиданоски, рече дека токму и на тоа мислел, не мислел само на Агенцијата туку пред сè на медиумите, како тие ќе ги почитуваат изборните правила во смисла на имплементација во пракса. Се согласува со тоа што го кажал директорот во однос на Медотологијата. Бидејќи тој е прв пат член на Советот, кога се расправа за неа, од тој аспект зборува така, а претходно не бил присутен и не може да коментира. Додаде дека доколку 120 луѓе бидат ангажирани за мониторингот, колку би требало да бидат ангажирани ако се правел мониторинг на интернет портали, мислејќи дека можеби ќе треба околу 2000 луѓе.

Раководителката на одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова, потенцира дека треба да се имаат во предвид, дека нешто кога ќе се стави во Програмата за работа на Агенцијата, треба и да се исполнат тие активности, за потоа кога ќе се пишува извештајот да се каже дека се исполнило, а не дека не се исполнило. Доколку се предвиди да се прави посебна анализа за политичкиот плурализам, мислејќи на јавниот радиодифузен сервис и на националните терестријални телевизии, рече дека тоа претставува комплетно нова дополнителна анализа, за која Секторот за програмски работи не може да се нафати да ја направи, бидејќи анализите направени во 2010 година, објавени во две книги, претставуваа големи зафати и по својата суштина и по потребата од стручност и време, и беа анализи со најголеми барања.

Раководителката на Секторот за Стратешко планирање и авторски права, м-р Магдалена Давидовска Довлева, рече дека исклучително е важно реално да се димензионира програмата за работа, затоа што во првите три месеци од наредната година, Агенцијата доставува Извештај за работењето до Собранието на Република Македонија. Во таа насока Агенцијата мора да ја следи програмата за таа година за која што се однесува Извештајот. Потенцира дека воопшто не е добро да стојат активности за кои што Агенцијата не успеала да ги реализира. Информира дека секоја година Агенцијата прави и плус дополнителни активности од предвидените во програмата. Затоа, рече, треба внимателно да се размисли дали да се внесе и оваа анализа во

извештајот и потоа да се образложи зошто тоа било планирано, а не е реализирано во текот на годината.

Г-дин Фетаи, рече дека Агенцијата како регулаторно тело и членовите на Советот избрани од Собранието на Република Македонија разговараат за една најчувствителна и најактуелна тема во Република Македонија, посебно во момент кога се разговара што ќе биде со јавниот сервис, со АААВМУ, цела Европа е тука, сите релевантни партии и Собранието околу тоа дејствуваат, а сѐ со цел медиумите да се доведат до една позиција да бидат професионални и објективни, сестрани во поглед на политичкиот плурализам. Гледајќи од таа позиција како заменик на претседателот на Советот на Агенцијата, во оваа фаза му дава приоритет, во овие 5-6 месеци, поголемо значење на тоа да медиумите бидат свесни во обврската на поттикнување на политичкиот плурализам, во смисла и на содржината и на квалитетот. Смета дека не сака воопшто во оваа фаза од 5-6 месеци, Агенцијата како регулатор да каже дека немала капацитет за реализација на таква анализа. Во овие моменти е ургентно за Република Македонија и не може Агенцијата да биде надвор од сето тоа што се случува. Сака во овој период да се даде придонес и од страна на Агенцијата. Ако нема капацитети, тој би нарачал да има соодветна анализа на медиумите во поглед на поттикнување на политичкиот плурализам и на подигнување на свеста на главните и одговорни во медиумите во поглед на нивната мисија.

Г-дин Трајчевски забележа дека дискусијата која се води, оди во друга насока. Тоа што го бара г-дин Фиданоски, рече дека ќе биде направено за првите 4 месеци од следната година. Од самата анализа на изборите, ќе произлезат и бараните резултати. Г-дин Фиданоски сега сака да се прави тоа уште еднаш после изборите, но тоа што се бара ќе биде реализирано и ќе биде составен дел од Извештајот како резултат од спроведувањето на изборите.

Г-дин Фетаи рече дека чувствува потреба без да навлезе по политизирање, да каже дека неговата идеја е да медиумите бидат попрофесионални колку е можно повеќе во нашето општество и да бидат што помалку под екстремно влијание. Сите се исполитизирани, секој од нас, медиумите, но на некој начин да биде во рамките на нормалните стандарди. За тоа рече дека има лично сознание, дека врши мониторинг, ги следи медиумите, особено медиумите кои емитуваат програма на албански јазик. Еден дел од тие медиуми, да не ги именува, има чувство дека се формирани во однос на тоа дека зад нив стои политичка партија. И кога ги следи нивните програми забележува дека афирмираат една политичка опција. А ако кажат нешто друго од другите политички опции, ги кажуваат само во црна конотација. Потенцира дека Агенцијата како регулатор и Советот, треба да направат нешто во насока како да се заштити публиката за тоа. Предлага, не можеби во овој предизборен период, но за едно 5-6 месеци, во основни контури да се дојде до сознанија, на пример таа и таа телевизија која емитува програма на државно ниво во поглед на политичкиот плурализам има еднобојност, односно во позитивна смисла има претставено една политичка партија. Ние, рече, како регулатор да имаме сознанија какви се состојбите во таа насока. Целта не му е да се прави цензура туку едноставно да се знае. И како потоа тоа ќе се процесиуира ќе се види, дали ќе има соодветна одговорност или соодветни санкции или ќе биде само како едно сознание. Објасни дека Агенцијата треба да го има тоа како сознание и да го афирмира тоа како девијантен моменти за да едукативно влијае или пак дека констатирала она што тие со месецот го прават. Рече дека мора да го даваме максимумот како регулаторно тело, во овој период додека завршат изборите.

Г-дин Фиданоски, јавно му се заблагодари на г-н Фетаи за тоа што го кажал во неговата дискусија. Токму и на тоа мислел кога го давал предлогот. Рече дека не во толкав обем треба таа анализа да се направи, но токму заради аспектот на политичкиот плурализам, за да се поттикне, не е лошо да го имаме тоа во текот на целата година. И не само следната тука и за таа после неа. Ако одиме по логиката дека во првите 4 месеци ќе има таква анализа, следната ќе биде на следните избори, можеби за две години нема да има анализа за политичкиот плурализам. Не му е тоа интенцијата, интенцијата му е да има во континуитет еден вид анализа односно мониторинг за тоа колку е тој внатрешен политички плурализам во медиумите запазен.

Г-дин Трајчевски, рече, бидејќи за жал во Република Македонија има секоја година избори, затоа и Агенцијата има направено многу анализи во таа насока.

Г-дин Петрушевски, рече дека се зборува за состојба кога Агенцијата 4 месеци ќе прави засилени напори, ќе ангажира дополнително преку 100 надворешни соработници и при тоа ќе прави детална анализа на поголем дел од медиумите во поглед на нивниот политички плурализам и дали тие балансирано известуваат. И сега еден од предлозите се сведува дека по изборите, треба повторно да се анализираат некои медиуми на сличен начин. Објасни дека Агенцијата има повеќе типови на надзор, редовен, што е планиран, по сила на закон од Изборниот законик и оној што е по пријава. Така да ова што го кажал г-дин Фетаи и г-дин Фиданоски би го ставил во групата на вонредни надзори. Значи, граѓаните и самите членови на Советот може да поднесат иницијатива да се прави надзор на тој и тој медиуми поради сомневање. Не е за тоа да сега се стави во Програмата за работа и толку многу да се оптоварува и за потоа да не се заврши работата, па да на крај испадне дека многу сме ветиле, а не сме сработиле.

Г-дин Фетаи рече дека чувствува дека не се на иста бранова должина по тоа прашање, бидејќи тој не разговара за вонредни надзори. Идејата му е да се реализира во политички аспект, без да се оди кај медиумите за да се прави контрола. Идејата му е анализа на содржините во смисла на политички плурализам на нивните програми, периодично на 3 месеци, 5 или 6 месеци и нема врска со надзор.

Раководителката на одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова, објасни дека секој тип на анализа има методолошка поставеност. Било што е пропишано со Законот а што се анализира преку контролни или вонредни надзори, подразбира одредена методолошка процедура, односно кои прашања треба да се постават, кој инструмент е соодветен за изработка на анализите и колку е потребно време. Уште еднаш спомена дека овој зафат е уште еден од најсложените зафати во комуниколошките анализи, во квантитативна и квалитативна смисла. Се зборува за сеопфатна анализа која трае долго време, за која што мора да има соодветен примерок и обично се ограничува на информативната програма на одреден временски период и методолошки мора да се исполнат сите постапки. Ниеден радиодифузер колку и да се пожалил на извештаите од мониторингот, методолошки никогаш не успеал да докаже дека не е така. Објасни дека во следните месеци по прв пат ќе треба да се спроведе и анализа на исполнување на програмскиот концепт на сите радиодифузери кои што ја сменија дозволата на крајот од минатата година. Анализа на вестите на националните телевизии каде што се мери секоја секунда, претставува огромен истражувачки зафат. Но, анализа од поинаков тип, не така заснована на детална методологија како што е користена секогаш, нема да биде тоа со што би можела Агенцијата да излезе во јавност. Впрочем, рече, таа како истражувач, методолог комуниколог и аналитичар, не би можела да се нафати за спроведување на поинаква

анализа од досегашната, која е цитирана во Извештаите на Европската Комисија, ниту било кој од колегите од Секторот за програмски работи.

Г-дин Фетаи, по образложението, рече дека загрижен што може да се преземе во таа насока.

Раководителката на одделението за човекови права и медиумска писменост, м-р Емилија Петреска Камењарова, рече дека за тоа кај нас нема законски критериум. Има други регулаторни тела што прават анализи на политички плурализам надвор од периодот на избори, меѓутоа тоа им е пропишано во Закон и имаат мерки за тоа. Ние го немаме критериумот надвор од избори, како што за време на избори имаме јасен критериум, второ нема мерка, односно не може да се преземе мерка.

Г-дин Петрушевски рече дека минатиот пат дискутирал за програмата, за која кажал позитивни работи и пак повтори дека програмата е прецизно и квалитетно направена. Секој збор си има своја тежина и многу е задоволен како е концептирана. Со малку содржина и малку страници е многу кажано. Го поздравува учеството на г-дин Фиданоски во Програмата и неговиот ентузијазам за предлозите кои во значителен дел се прифатени, исто така и за дискусијата од г-дин Фетаи. Рече дека секој член на Советот има право да предложи точка на дневен ред и да се дискутира за тоа понатаму. Во поглед на предлозите од г-дин Фиданоски, во образложението од Стручната служба и предлогот на директорот укажува дека е прифатен амандманот, додека г-дин Фиданоски предлага точно како што е пишано да се прифати и посебно да се наведе во програмата. Се изјасни дека се приклучува кон толкувањето на Стручната служба, дека тоа го има низ целиот текст на Програмата. И за вториот предлог 1.1.4 каде Стручната служба кажува дека не го прифаќа амандманот, за тоа се отвори голема дискусија на седницата, се изјасни дека го прифаќа образложението на Стручната служба. Од тие причини не е убеден дека она што го кажал г-дин Фиданоски може да го прифати. Потенцира дека неговата дискусија претходно била таква, во насока дека и овој амандман нема да го поддржи. И за амандман број 2 каде г-дин Фиданоски бара целосно да се прифати „усогласување на домашната регулатива“, неговиот став е ист како и за другите два амандмана и нема да го поддржи.

Г-дин Трајчевски објасни дека во ЗААВМУ не е предвидено носење на Предлог-Одлука за прифаќање на предлог-програмата, меѓутоа за да одлучува, Собрание на Република Македонија бара да има и одлука. Информира дека Предлог-Одлуката е поделена како материјал и дека ништо не се менува во содржината на Предлог-програмата туку дека додатно има само Предлог-Одлука.

Г-дин Фиданоски, се надоврза на дискусијата на г-дин Фетаи и на м-р Емилија Петреска Камењарова, и рече дека го имал предвид тоа што тие го кажале и од тие причини меѓу другото, го предложил амандманот 2, односно усогласување на домашната регулатива, од која треба да произлезат конкретни предлози и законски измени. Ако недостига момент кој што значи прекршочна санкција во законот, може тоа да произлезе како наша иницијатива и да се промени во таа насока, заеднички во една симбиоза заедно со претходниот и токму затоа смета дека и тој амандман за домашната регулатива и политичкиот плурализам треба да се прифатат целосно.

Г-дин Ајдини, постави прашање колку прекршочни постапки може да се покренат за време од 20 дена, колку и што ќе трае кампањата, дали тие ќе бидат комулативно на крајот на кампањата или неделно?

Г-дин Трајчевски, одговори дека за изборите што следат има специфични услови, за разлика од изборите што биле изминатите години. Објасни дека од 10 ноември е

забрането рекламирање на државните органи и ако такво нешто се случи ќе бидат и за тоа изрекувани мерки. Од 20 декември е забрането и платено политичко рекламирање така да и за тоа треба да бидат изрекувани мерки, иако во принцип кај телевизиите и радијата да не рече 99% од електронските портали се почитува, само еден ако одиме по дефиницијата на изборниот законик каде пишува електронски медиуми а во заграда интернет портали, само на веб страницата на СДСМ не се почитува, тамо сè уште има платено политичко рекламирање. Можеби тоа е провокација кон Агенцијата за да делува. Во овој период и за тоа ќе се казнуваат, а од денот на распишување на изборите што би требало да биде околу 4-5 февруари, тоа е пред изборен период, исто така Агенцијата ќе изрекува прекршочни санкции, бидејќи има одредби кои треба да ги почитуваат радиодифузерите. Потоа доаѓа најстрогиот дел, најверојатно од 4 април, тие 20 дена за изборната кампања каде што ќе има мониторинг во однос на медиумското претставување, ќе биде дозволено платено политичко рекламирање на политичките партии кои ќе имаат потврдени листи на кандидати за предвремените парламентарни избори. Информира дека минатите избори Агенцијата поднела околу 29 прекршочни пријави, но тоа не значи дека ако некој радиодифузер го повторува прекршокот, нема да му се изречат 3, 4 или 5 пријави. Тоа се само пријави, нема мерки. Додаде дека ќе се подготвуваат секојдневно извештаи од мониторингот, кои согласно Законот, секојдневно ќе се доставуваат до ДИК.

Г-дин Петрушевски, на крајот од дискусијата предложи Советот поединечно да гласа за сите три предлози од г-дин Фиданоски. Објасни дека доколку се изгласа било кој од предлозите, тие како составен дел ќе влезат во содржината на програмата. На крајот ќе биде ставена целата Предлог-Програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (со Предлог-Програма на планирани активности и Предлог-Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги), на која исто така Советот на Агенцијата поединечно ќе се изјасни.

За првиот предлог, г-дин Петрушевски рече дека имало различно толкување на амандманот 1.1.3. каде Стручната служба образложила дека амандманот е прифатен и дека го има во материјалот на повеќе места, но, г-дин Фиданоски предлага експлицитно да се наведе така како што е предложено од негова страна, односно да се дополни со зборовите: „Зголемување на редакциската култура кај медиумите, јакнење на свеста за важноста на независната уредувачка политика, за професионалните новинарски стандарди и за почитувањето на човековите права во медиумските производи, преку саморегулаторни механизми“. Амандманот беше ставен на гласање и со три гласа „за“ од г-дин Фиданоски, г-дин Фетаи и г-дин Ајдини и четири воздржани гласа, не се усвои.

Вториот предлог, 1.1.4 кој гласеше: Точка 1.3. се дополнува со зборовите: „Поттикнување на политичкиот плурализам кај радиодифузерите и по обем (квантитет) и по содржина (квалитет)“, беше ставен на гласање и со два гласа „за“ од г-дин Фиданоски и г-дин Фетаи и пет воздржани гласа, предлогот не се усвои.

Третиот предлог, амандман 2 кој гласеше: „Точка 5 – Усогласување на домашната регулатива, се менува и гласи: Во првата половина од 2016 година Агенцијата ќе изготви анализа за имплементацијата во првите две години и за потребата од дополнително менување на ЗАВМУ и на Законот на медиуми во согласност со препораките на ЕК како и целите на ЕУ што се однесуваат на работата на медиумите, од која треба да произлезат конкретни предлози за законски измени и која ќе биде објавена на веб страната на Агенцијата“. Со еден глас „за“ од г-дин Фиданоски и шест воздржани гласа, предлогот не се усвои.

Г-дин Петрушевски објасни, бидејќи ниту еден предлог не е прифатен на г-дин Фиданоски, на гласање ќе се стави Предлог-Програмата со текст како што беше предложена од Стручната служба, вклучувајќи ги и измените во Финансискиот план кој ги објасниле г-дин Трајчевски и Горан Радуновиќ.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-7103/1 од 22.12.2015 година и со шест гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, донесе Одлука со која се одобри Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (со Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година), со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, Одлуката и Програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година (со Програма на планирани активности и Финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година), да ги објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 5**

Г-дин Трајчевски објасни, бидејќи Советот на Агенцијата го прифати Финансискиот план на Агенцијата за 2016 година, со малата измена во однос на 300,000.00 денари, побара раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, да го објасни Предлог-Годишниот план за јавни набавки во 2016 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со измените кои согласно кореспондираат.

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, објасни дека 150,000.00 денари во годишниот план ќе бидат вметнати за јавната набавка службена облека и обувки за вработените лица и 150,000.00 денари за одржување и поправка на деловниот објект. Објасни дека дека износот во материјалот за овие две јавни набавки соодветно ќе се зголеми, поради измените и информира дека сите износи во планот се претставени без ДДВ.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-7099/1 од 22.12.2015 година и едногласно даде одобрување за донесување Годишен план за јавни набавки во 2016 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

**Точка 6**

Разно

Г-дин Фиданоски рече дека по Закон Агенцијата е обврзана да ги мониторира медиумите за време на изборниот процес, се знаат стриктно и датумите и обврските кои ги кажал и г-дин Трајчевски. Во таа насока рече дека сака да апелира, не бара да се казнува од сега поради тоа што сега тоа го нема како можност. Имал еден настан што успеал да го регистрира, односно емисија, која што според методологијата која знае дека сѐ уште не е донесена, би можело точно да се карактеризира како, не е рече настан туку може да ја нарече псевдо тема, во кој имало типичен пример на политички маркетинг. Тоа е утринска емисија емитувана 21.12.2015 година, на програмата на ТВ Канал 5, во која имало дебата за кампањата купи куќа и со сиот амбиент што бил внатре

во студиото и тоа што одело во етер, за него недвосмислено е дека станува збор за скриен политички маркетинг. Апелира, Агенцијата, навремено ако биде прифатливо за Советот и за директорот, да се предупредат или да им се укаже на медиумите или радиодифузерите, да не се злоупотребуваат утринските програми за политички маркетинг. Тоа ги има, се појавува и очекува дека ќе се засили. Смета дека не би било лошо од кога ќе влезе во сила методологијата и ќе почне да се применува, притоа и сугерираше, и утринските програми да се земат во предвид, затоа што очекува дека тамо ќе има, според него, масовно кршење, односно заобиколување на правилата на игра за изборниот процес. .

Г-дин Петрушевски, рече дека лично не може да коментира, бидејќи ја нема гледано емисијата.

**Бр.02-114/1**
**05.01.2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**